Б – Интегрирана еколошка дозвола

Име на компанијата
ФИЛИП ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз
с. Бразда Чучер-Сандево

Адреса
Ул.1 бр.29 с. Бразда Чучер-Сандево

Поштенски број и град
1000 Скопје

Број на дозвола
09-885/15

Содржина

Содржина....2
Вовед....3
Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола....3
Комуникација....6
Доверливост....6
Промени во дозволата....6
Предавање на дозволата при престанок на работата на инсталацијата....7
Пренос на дозволата....7
Одземање и престанок на дозволата....7
Преглед на барани и доставени документи....7
1.Услови....10
1.1 Инсталацијата за која се издава дозволата....10
2 Работа на инсталацијата....11
2.1 Техники на управување и контрола....11
2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)....12
2.3 Ракување и складирање на отпадот....13
2.4 Преработка и одлагање на отпад....14
2.5 Спречување и контрола на хаварии....15
2.6 Мониторинг....15
2.7 Престанок со работа....16
2.8 Инсталации со повеќе оператори....17
3. Документација....17
4. Редовни извештаи....18
5. Известувања....18
6. Емисии....19
6.1 Емисии во воздух....19
6.2 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)....20
6.3 Емисии во. канализација....20
6.4 Емисии во почва....20
6.5 Емисии на бучава и вибрации....21
7. Пренос од пречистителна станица за отпадни води....22
8. Програма за подобрување....23
9. Договор за промени во пишана форма....24
10. Додаток 1....25
10.1 Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања), согласно условот 5.1.2....25
11. Додаток 2....26
11.1 Извештаи за податоците од мониторингот....26

Вовед

Овие воведни белешки не се дел од дозволата.

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15,192/15, 39/16 и 99/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22, 171/22, 3/25, 124/25 и 212/26) за работа на Инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план, до одобреното ниво во Дозволата.

Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

Операторот ФИЛИП ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз с.Бразда, Чучер Сандево врши експлотација на кварцит на локалитет "Марков камен", Општина Чучер Сандево, како и експлотација на варовник на локалитет "Марков камен" Општина Чучер Сандево. Од страна на операторот ФИЛИП ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз с.Бразда, Чучер Сандево, и е ангажирана соодветна опрема, механизација и работна сила за експлоатација на варовникот и кварцитот од локалитет "Марков камен", Општина Чучер Сандево.

Локацијата "Марков Камен" се наоѓа во атарот на општина Чучер Сандево, на падините од Скопска Црна Гора и на 12 км северозападно од Скопје. На ова подрачје односно концесиското поле предходно (во периодот 1980 - 1990 година) се вршеле експлотациони работи. Лежиштето е распространето на ридест терен со надморска височина од 550 – 650 м.н.в. Теренот на лежиштето е пошумен со ретка ниско стеблеста шума која на одредени делови и воопшто ја нема. Наклонот на теренот е доста стрмен со паден агол од 25º - 30º.

Поширокото подрачјето е покриено со развиена патна мрежа. Регионалниот патен правец R- 2239 и локалните патишта овозможуваат одлична комуникациска врска со целата територија на Република Северна Македонија и соседните земји. За потребите на експлоатацијата на кварцити од предметното подрачје изработен е нов пристапен пат од југоисточната страна на локацијата.

Од најблиското село Чучер-Сандево лежиштето на кварцит "Марков Камен" воздушно е оддалечено 1,5 км, а оддалеченоста од другите села е поголема од 2 км. Почвите на ридестиот терен од локацијата на концесикото поле и непосредната околина се со квалитет од V –VI категорија и припаѓаат на цврсто врзаните карпести маси шкрилците и песочниците, а во околната се карактеризираат со вредности од III категорија.
Почвите на ридестите површини се користат за ливади или пасишта, житни култури и градинарски култури скоро и да не се присутни (10%).

Подрачјето е сиромашно со водни резерви, расположливоста на води за водоснабдување и наводнување придонесуваат кон осиромашување на шумски

заедници и друг вид вегетација.Територијално просторот припаѓа на општина Чучер Сандево и самата локација се наоѓа возападниот падински дел од Скопска Црна Гора. Подрачјето е со изразито ридест терен, со надморска висина од 550 – 650 м.н.в.

Лежиштето за кварцит "Марков Камен" во основа е изградено од метаморфни палеозијскикарпи на места покриени со квартерни наслаги. Во рамките на метаморфниот комплекс доминантно место завземаат мермеризираните варовници и кварц, додека кварцитите имаат помала застапеност, како и помладите карпи што делумно ги покриваат.
Во близина на локацијата се наоѓа спортски аеродром Стенковец, кој претставува простор со специфична намена и ограничена јавна употреба, што дополнително придонесува за отсуство на чувствителни рецептори во околината. Исто така, во поширокото опкружување се евидентирани:каменоломи (експлоатација на минерални суровини), асфалтни и бетонски бази, бензиска пумпа, отпад за возила.

Овие капацитети се наоѓаат на растојание од неколку стотици метри до неколку километри и се функционално поврзани со градежната индустрија, што ја потврдува индустриската намена на целото подрачје. На оддалеченост од приближно 1000m од локацијата протекува реката Лепенец, која претставува најблизок водотек. Со оглед на оддалеченоста и теренските карактеристики, не се очекува директно влијание врз истиот.

Во непосредната околина не се регистрирани станбени објекти, ниту објекти од јавен карактер (училишта, градинки, здравствени установи), што значи дека нема чувствителнирецептори кои би биле изложени на потенцијални влијанија. Локацијата е поставена надвор од урбанизираното подрачје на Скопје, во зона со ниска густина на градба и доминација на индустриски активности.

Сообраќајниот пристап е обезбеден преку магистралниот пат Е65, што овозможува непречено движење на товарни возила и добра поврзаност со градот и регионот, без потреба од дополнителна инфраструктура. Врз основа на тоа, може да се заклучи дека локацијата е соодветно избрана, со минимален ризик за животната средина и без значително влијание врз населението, поради отсуство на чувствителни рецептори и добра просторна изолираност.

За несметано движење на транспортни возила е преку пристапниот пат на југоисточната страна на локацијата кој преку приклучоците на КП 3431 и 2397/2 КО Глуво Бразда и КП 1455 и дел од КП 1460 КО Глуво Бразда, се приклучува кон локалниот пат с. Бразда - Чучер Сандево. Тампонираниот пристапен пат од југоисточната страна на лежиштето е со ширина од 7-9m, должина од 3,6km.

Теренот опфатен со концесијата за експлоатација на варовникот е со вкупна површина од П = 0,992500 км² , а екплотационото поле за варовникот е со површина од 0,543195 km² .

Теренот опфатен со концесијата за експлоатација на кварцит е со вкупна површина од П = 0,992500 км², а есплотационото поле за кварцит е со површина од 0,543195 km² .

Инсталацијата се наоѓа на следните координати
Каменолом (N:42,08797 и E: 21,37552) и Сепарација (N: 42,08032 и E: 21,37431)



Слика за Цела инсталација



Слика од сепарација / команден центар

Придружните и инфраструктурните објекти за инсталацијата се контролна просторија за сепарацијата и просторија за вага.
Обезбедувањето со вода за технолошки потреби (прскање на површините за соборување на прашината при дробењето, утоварот, како и на пристапните и експлоатациони патишта во рамките на копот) се врши од сопствен бунар. Водата се црпи од бунарот ЕБ-1, лоциран во рамките на инсталацијата и се складира во вкопана цистерна со капацитет од 30.000 Л. За користење на подземната вода е обезбедена соодветна дозвола издадена од Министертвот за животна средина и просторно планирање. На предметниот рудник не е предвидена изградба на водоводна мрежа. За потребите со вода за пиење се користи пакувана вода во шишиња

На целата инсталација се користи електрична енергија како ресурс за работа на дробиличната постројка. За таа цел се инвестира во современа опрема за трафостаница, и за истата ќе се врши редовно сервисирање за што се води соодветна документација. Инсталиран е ормар за компензација на реактивна енергија, согласно извршеното мерење со мрежен анализатор на квалитет на електричната енергија.

Снабдувањето на инсталацијата со гориво се врши со автоцистерна со капацитет од 9.000 литри дизел гориво. Преточувањето на горивото од автоцистерната во резервоарите наопремата и механизацијата се врши со помош на пумпа за точење, директно ворезервоарите на машините, на паркинг-просторот лоциран на влезот од инсталацијата. Припреточувањето се преземаат сите потребни мерки за безбедно ракување и спречување наистекување на гориво. Замената на моторните масла се врши исклучиво на паркингпросторот, при што отпадните масла се собираат во соодветни метални буриња. Засобирање и понатамошно управување со отпадните масла, друштвото има склучено договор со овластена компанија.

Снабдувањето на инсталацијата со потребните експлозивни средства се врши на денот на минирањето од регистрирана фирма за вршење на таква дејност. Па поради тоа нема потреба од градба на магацин за експлозив и експлозивни материјали. Минирањето го врши овластена кампанија добавувач, со која друштвото има договор за соработка, а по изведувањето на минирањето се доставува и записник. Минирањето се врши од страна на фирмата НОБЕЛЕКС, врз основа на склучен договор, во прилог. Во просек на годишно ниво се минира од 6-7 пати.

Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација а		
Сопственик на дозвола	Број на дозвола	Дата на издавање
Друштво за производство, градежништво, трговија, транспорт и услуги ФИЛИП ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз с.Бразда Чучер-Сандево	09-360/8	17.04.2019

Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација		
Сопственик	Референтен број	Дата на издавање

Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст: Надлежниот орган) во врска со оваа Дозвола, Ве молиме наведете го бројот на Дозволата.
За било каков контакт со Надлежниоот орган контактирајте на адреса: Општина Чучер Сандево с. Кучевиште или на емаил: cucersandevo@yahoo.com

Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинскиот регистар, согласно одредбите на Законот за животна средина. Доколку операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно член 55 став 2 точка 4 од Законот за животна средина. Операторот ќе ја наведе и причината поради која Надлежниот орган треба да ја одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина. Органот надлежен за издавање на Б интегрирана еколошка дозвола на секои 7 (седум) години ќе ги проверува условите утврдени во Дозволата и доколку настанале измени во прописите за заштита на животната средина кои можат да влијаат врз работењето на инсталацијата ќе покрене постапка за измена на Б-интегрираната еколошка дозвола.
Операторот поднесува барање за обнова на Дозволата до Надлежниот орган најдоцна една година пред истекот на временскиот период од 7 (седум) години.
Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управување со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управување со отпад за лицето задолжено за таа активност.

Предавање на дозволата при престанок на работа на инсталацијата
При делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата, Операторот го известува Надлежниот орган. Со цел барањето да биде успешно, Операторот мора да му покаже на Надлежниот орган согласно член 120 став 3 од Законот за животна средина, дека не постои ризик од загадување и дека не се потребни понатамошни чекори за враќање на местото во задоволителна состојба.

Пренос на дозволата
Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на дозволата од страна на постечкиот и предложениот сопственик согласно член 118 од Законот за животна средина.

Одземање и престанок на дозволата
Оваа Дозвола се одзема доколку се исполни само еден од условите за одземање утврдени во согласност со Законот за животната средина и во согласност со член 15 и член 16 од Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола
.

Преглед на барани и доставени документи

Предмет	Датум	Коментар
Доставено Барање за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1	07.04.2026 година	Доставено
Дополнување на документација бр.09-885/2	01.06.2026 година	Доставено
Доставено Барање за обновување на Б-интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09-885/3	24.07.2026 година	Доставено
Објава на Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/4	28.07.2026 година	Доставено
Достава на Објава на Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/5 до операторот	28.07.2026 година	Доставено
Достава на Објава од весник за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/6 од операторот	29.07.2026 година	Доставено
Записник за констатација од извршен увид бр.09-885/7	07.09.2026 година	Доставено
Пресметка и Налог за плаќање на надоместок при поднесување на Барање бр.09-885/8	18.09.2026 година	Доставено
Доказ за извршена уплата за надоместок за поднесување на барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/9	25.09.2026 година	Доставено електронски

Изготвена Нацрт Б интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/10	01.10.2026 година	Изготвена
Доставена до Операторот бр.09-885/11	02.10.2026 година	Доставено
Објава на Нацрт Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/12	05.10.2026 година	Доставено
Достава на Објава до Операторот бр.09-885/13	05.10.2026 година	Доставено
Достава на Објава од весник од бр.09-885/14 од операторот	06.10.2026 година	Доставено
Изготвена Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/15	27.10.2026 година	Изготвена
Решение бр.09-885/16	27.10.2026 година	Донесено
Дозвола бр.09-885/15	Одлучено	позитивно

Б - Дозвола бр.09-885/15

Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15,39/16 и 99/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22, 171/22, 3/25, 124/25 и 212/26), го овластува

Име на компанијата
ФИЛИП ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз с.Бразда Чучер-Сандево,
со регистрирано седиште

Адреса
Ул.1 бр.29 с.Бразда Чучер-Сандево

Поштенски број и град
1000 Скопје

Држава
Република Северна Македонија

Број на регистрација на компанијата
5885353
Да раководи со инсталацијата

Цело име на инсталацијата:
Друштво за производство, градежништво, трговија, транспорт и услуги ФИЛИП ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз с. Бразда Чучер-Сандево

Адреса
Ул.1 бр.29 с.Бразда Чучер-Сандево

Општина
Општина Чучер-Сандево

Поштенски број и град
1000 Скопје

Во рамките на дозволата и условите во неа.

Потпис
Градоначалник
Зоран Бајовски

Датум
27.10.2026

1. Услови

1. 1. Инсталација за која се издава дозволата

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1

Табела 1.1.1		
Активност од Анекс 2 од УРЕДБАТА за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативе план и временски распоред за поднесување на барање за усогласување со оперативен план	**Опис на наведената активност**	**Граници на наведената активност**
Прилог 2.Точка 3 Индустрија на минерали,	3.2 Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини	Каменолом (N:42,08797 и E: 21,37552) и Сепарација (N: 42,08032 и E: 21,37431)

Додадете редови по потреба

1.1.2 Активностите во условите 1.1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата согласно координатите.

Табела 1.1.2	
Документ	**Место во документацијата**
Бр.09-885/1од 07.04.2026	Барање за добивање Б-Интегрирана еколошка дозвола
Бр.09-885/3 од 24.07.2026	Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки

1.1.3 По добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола, Операторот е должен редовно да врши плаќање на годишен надомест за поседување на Б-интегрирана еколошка дозволата согласно Налогот за плаќање за поседување издаден од страна на

надлежниот орган. Неплаќање на надоместокот за поседување ќе преставува услов за одземање на дозволата и започнување на постапка за наплата.

1.1.4 Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ согласно Законот за животна средина и ништо од оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на барањата и условите од другите закони и подзаконски акти.

1.1.5 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа Дозвола. Сите програми кои треба да се извршат се дел од оваа Дозвола.

1.1.6 Инсталацијата не смее да работи над капацитетот наведен во барањето без согласност и писмено одобрение на Надлежниот орган.

1.1.7 Во случај да постои ризик од хаварија и во случај на хаварија, Операторот најитно ќе изврши испитувања на почвата, подземните води и водите за проверка на евентуално загадување.

1.1.8 Б-интегрираната еколошка дозвола има важност од 7 години. Истата подлежи на ревизија и доколку има потреба за условите зададени во неа истите ќе се изменат.

1.1.9 Најдоцна една година пред истекот на временската рамка дадена Операторот е должен да поднесе барање за обновување на дозволата.

2. Работа на инсталацијата

2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава дозволата согласно условите во Дозволата ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во Барањето за Б интегрирана еколошка дозвола или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.1.2 Инсталацијата за која се издава Дозволата ќе ја контролира обучен персонал кој ќе биде целосно запознаен со условите во Дозволата

2.1.3 Назначено лице за заштита на животната средина е Александар Велков – рударски инжинер – одговорно лице за заштита на животната средина. Надлежниот орган да биде известен во писмена форма за секоја промена на назначените одговорни лица.

2.1.4 Копија од оваа Дозвола, како и оние делови од барањето кои се земени во предвид на оваа Дозвола ќе бидат достапни во секое време за секој вработен кој ја извршува работата за која се однесуваат некои од барањата во Дозволата.

2.1.5 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите на Дозволата, кои се релевантни на нивните должности и ќе бидат поткрепени со соодветна обука и писмени оперативни инструкции за да се овозможи да ги извршуваат своите должности.

2.1.6 Операторот ќе достави копија од оваа Дозвола до секој вработен чии должности се поврзани со некои услови на оваа дозвола.

2.1.7 Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за идентификување на потребите од обука и за обезбедување на соодветна обука за целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да чува записи од одржаните обуки.

2.1.8 Операторот ќе воспостави програма за подигање на јавната свест и обука на вработениот персонал за да се обезбеди дека јавноста може да добие информации во врска со состојбата на животната средина од Операторот во секое време.

2.1.9 Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата инсталација и соодветна придружната опрема која ќе има ефект врз состојбата на животната средина, врз основа на инструкциите кои се издадени од страна на производителите/добавувачите или инсталаторите на опремата. Операторот јасно ќе ја лоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветните вработени лица.

2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1

Табела 2.2.1: Суровини (вклучувајќи и вода)

Опис	Документ	Дата кога е примено
Јаловина	Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1 **Додаток IV** , Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09- 885/3 **Додаток IV**	07.04.2026 24.07.2026
Варовник	Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1 **Додаток IV** , Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09- 885/3 **Додаток IV**	07.04.2026 24.07.2026
Кварцит	Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1 **Додаток IV** , Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09- 885/3 **Додаток IV**	07.04.2026 24.07.2026
Минерално моторно масло/базно масло (тешко)	Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1 **Додаток IV** , Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09- 885/3 **Додаток IV**	07.04.2026 24.07.2026
Минерално моторно масло/базно масло (лесно)	Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1**Додаток IV** , Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09- 885/3 **Додаток IV**	07.04.2026 24.07.2026

хидраулично масло	Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1 **Додаток IV** , Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09- 885/3 **Додаток IV**	07.04.2026 24.07.2026
Товарна маст	Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1 **Додаток IV** , Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09- 885/3 **Додаток IV**	07.04.2026 24.07.2026
Автогуми	Барање за добивање на Б-Интегрална еколошка дозвола бр.09-885/1 **Додаток IV** , Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09- 885/3 **Додаток IV**	07.04.2026 24.07.2026
Експлозив	Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1 **Додаток IV** , Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09- 885/3 **Додаток IV**	07.04.2026 24.07.2026
Детонатори	Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1 **Додаток IV** , Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09- 885/3 **Додаток IV**	07.04.2026 24.07.2026
Конектори	Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1 **Додаток IV** , Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09- 885/3 **Додаток IV**	07.04.2026 24.07.2026
Бавногорлив фитил	Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1 **Додаток IV** , Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09- 885/3 **Додаток IV**	07.04.2026 24.07.2026
Нафта	Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1 **Додаток IV** , Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09- 885/3 **Додаток IV**	07.04.2026 24.07.2026
Вода	Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1 **Додаток IV** , Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09- 885/3 **Додаток IV**	07.04.2026 24.07.2026

2.2.2 Операторот ќе обезбеди безбедно чување на дел од суровините и ќе се грижи за интегритетот на складиштето, а дел од суровините ќе се доставуваат на денот на минирање за што не е потребно нивно чување.

2.3 Ракување и складирање на отпадот

2.3.1.Операторот согласно условите од Дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табелата 2.3.1 и Табела 2.3.2. или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

Табела 2.3.1 : Ракување и складирање на отпадот		
Опис	**Документ**	**Дата кога е применo**
Опис на отпад	Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1 **Додаток V** , Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09-885/3 **Додаток V**	07.04.2026 24.07.2026

Табела 2.3.2 : Отпад складиран на самата локација			
Опис на отпадот	**Место на складирање на самата локација**	**Начин за складирање**	**Услови за складирање**
Јаловина	Во кругот на концесиското поле	Се одлага	го превземаат приватни лица за тампонирање на дворови и сл.
Моторно масло (синтетичко и минерално)	Се собира во буриња и се складира до магацин до превземање од овластен собирач	Се одлага	предавање на овластен собирач
Хидраулично масло	Се собира во буриња и се складира до магацин до превземање од овластен собирач	Се одлага	предавање на овластен собирач
Измешан комунален отпад	Се собира во контејнери	Се одлага	го превзема ЈКП
Стари отпадни автомобилски гуми	Собира на привремена депонија	Се одлага	предавање на овластен собирач
Отпадно железо	Се собира во кругот	Се одлага	Се продава на овластен пособирач, преку откуп за секундарна суровина
Отпадни акумулатори	предавање	Се одлага	предавање на овластен собирач
Отпад од амбалажа (хартија и картон)	предавање	Се одлага	Се продава на овластен пособирач, преку откуп за секундарна суровина
Отпад од амбалажа (пластика)	предавање	Се одлага	Се продава на овластен пособирач, преку откуп за секундарна суровина

2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Операторот, согласно условите во Дозволата ќе го преработува и одлага

отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1. или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

Табела 2.4.1: Искористување и отстранување на отпадот		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Вид на отпад	Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1 **Додаток V** , Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09- 885/3 **Додаток V**	07.04.2026 24.07.2026

2.4.2 Во границите на инсталацијата смее да се одлага исклучиво инертен отпад

2.5 Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

Табела 2.5.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Додаток XIII	Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1, Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09-885/3	07.04.2026 24.07.2026

2.6 Мониторинг

2.6.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе изведува мониторинг ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1. или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

Табела 2.6.1 : Мониторинг		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Додаток XI	Барање за добивање на Б- Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1, Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09- 885/3	07.04.2026 24.07.2026

2.6.2 Операторот ќе обезбеди :

а. безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот, и

б. безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3 Земањето примероци и анализите ќе се изведува според пропишаните стандардите за анализираните примероци.

2.6.4 Се задолжува операторот редовно да доставува Извештај од извршените мерења од мониторингот што ќе го врши акредитирана консултантска куќа до Надлежниот орган

2.6.5 Фреквенцијата, методите и обемот на мониторинг, начинот на земање на примероци и анализа ќе се извршуваат како што е наведено во оваа Дозвола или може да се изменат во согласност со Надлежниот орган кој ќе ја следи проценката на доставените резултати.

2.7 Престанок со работа

2.7.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1. или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

Табела 2.7.1 : Престанок на работа

Опис	Документ	Дата кога е примено
Додаток XIV	Барање за добивање на Б- Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1, Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09-885/3	07.04.2026 24.07.2026

2.7.2 Согласно Правилник за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола ("Службен весник на Република Македонија" бр.112/14 и 42/16), операторот ќе го извести надлежниот орган за намерата за престанок со активноста, при што ќе достави детален план за престанок на активноста со временски распоред за извршување на условите утврдени во оваа дозвола и финансиски импликации.

2.7.3 Планот треба да содржи
- Изјава за обемот на планот,
- Критериумите кои дефинираат успешен престанок со работа на активностите или надел од нив, кој ќе обезбеди минимум влијание врз животната средина,
- Програма за постигнување на наведените критиериуми и
- Финансиски детали за планот и како тие ќе бидат обезбедени.

2.7.4 Операторот ќе обезбеди јасна и детална проценка на ризикот од еколошка одговорност што ќе ги опфати одговорностите/обврските од минатите и сегашните активности. Оваа проценка ќе ги вклучи одговорностите/обврските и трошоците за исполнување на планот за управување со ризикот по затварање на инсталацијата.

2.7.5 Обврската за враќање на животната средина во задоволителна состојба по престанок на работата на инсталацијата од страна на Операторот ќе се изврши во согласност член 120 од Законот за животна средина.

2.8 Инсталации со повеќе оператори

2.8.1 Со инсталацијата за која се издава Дозволата управува само еден операторот или

2.8.2 Оваа дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата за која се означени на координатите во табела 1.1.1 од оваа дозвола.

3. Документација

3.1.1 Документацијата ќе содржи податоци за:

а. секоја неисправност, дефект или престанок на работата на постројката,опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;
б. целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 Документацијата ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време.

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба:
а. да бидат читливи;
б. да бидат направени што е можно побрзо;
в. да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата.

3.1.6 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата) за:
а . составот на отпадот или онаму каде што е можно, опис;
б . најдобра проценка на количината создаден отпад;
в . трасата на транспорт на отпадот за одлагање; и
г. најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка.

3.1.7 Операторот на инсталацијата за којашто се издава дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзино влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел

4.Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина

4.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додатокот 2

а. во однос на наведени емисиони точки;

б. за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 и за обликот и содржината на формуларите, операторот и надлежниот орган ќе се договорат за време на преговорите;

в. давање на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели.

г. испраќање на извештај до надлежниот орган најдоцна до 31 март

5.Известување

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган без одложување:

а. кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

б. кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување

в. кога ќе забележи некаква неисправност,дефект или престанок на работата на работата на постројката или техниките,што педизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

д. било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување

5.1.2 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве:
а. перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава дозволата;

б. престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолго од 1 година и

в. повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3 (б).

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

а. било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

б. промена на податоците за холдинг компанијата на операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

в. за активности кога операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен.

6. Емисии

6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точката (ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1, ќе потекната само од извор (и) наведени (и) во таа Табела

Табела 6.1.1: Емисиони точки во воздухот

Ознака на точка на емисија/опис	Извор	Локација на точката на емисија
Локација 1/М1	На влез пред сепарацијата	42.07880 21.37320
Локација 2 /М2	На средина на сепарацијата	42.08079 21.37389
Локација 3/М3	Каменолон мал/лево од патот	42.08784 21.37553
Локација 4/М4	Каменолом голем/десно од патот	42.08683 21.37604

6.1.2 Граничните вредности за квалитет на амбиентниот воздух за параметарот (рите) на точките наведени во Табела 6.1.1 нема да бидат пречекорени при работата на инсталацијата.

6.1.3 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.1.2 на точките на емисија и најмалку на фреквенции наведени во таа Табела.

Табела 6.1.2: Граници на емисиите во воздухот

Параметри	Ознака на точка на емисија								Фрекфенција на минитори нг
	M1		M2		M3		M4		
	До (датум)	Од (датум))	До (датум)	Од (датум	До (датум	Од (датум))	До (датум	Од (датум))	
	Вредност	Вредност	Вредност	Вредност	Вредност	Вредност	Вредност	Вредност	
Прашина		Еднаш годишно		Еднаш годишно		Еднаш годишно		Еднаш годишно	Еднаш годишно
Издувни гасови		/		/		/		/	/

6.1.4 Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата.

6.1.5 Емисиите во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзистентен чад.

6.1.6 Границите на емисиите во воздух за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија наведени во Табела 7 нема да бидат пречекорени.

6.1.7 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.1.2 на точките на емисија, на мерните места од слика 16 од барањето и најмалку на фреквенции наведени во таа Табела.

6.2 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.2.1 Нема емисии во површински води, (Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1 од 07.04.2026 и Барање за обновување на Б-Интегрирана еколошка дозвола - корегирана верзија по забелешки бр.09- 885/3 од 24.07.2026).

6.2.2 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во површинските води.

6.3 Емисии во канализација

6.3.1 Отпадни води ќе има од вработните од миење и физиолошки потреби

6.3.2 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во канализација.

6.4 Емисии во почва

6.4.1 Нема емисии во почва

6.4.2 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во почвата.

6.5 Емисии на бучава и вибрации

6.5.1 Емисиите на бучава од локацијата на инсталацијата треба да бидат во согласност со стандардите пропишани со националното законодавство, Одлука за утврдување во кои случаеви се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Службен весник на Република Македонија бр.1/09 и Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места (Службен весник на Република Македонија бр. 12/08) табела 6.5.1

Табела 6.5.1. Мерни места за мониторинг на бучава

Референтни точки	Национален координатен систем	Нивоа на звучен притисок (dB)		
	(5N, 5E)	L(A)eq	$L(A)_{10}$	$L(A)_{90}$
Граници на локацијата				
Локација 1 /М1 *На влез пред сепарацијата*	42.07880, 21.37320			
Локација 2 /М2 *Во средина на сепарацијата*	42.08079, 21.37389			
Локација 3 /М3 *Каменолом мал / лево од патот*	42.08784, 21.37553			
Локација 4 /М4 *Каменолом голем / десно од патот*	42.08683, 21.37604			

6.5.2 Операторот ќе врши преглед на бучавата на локацијата еднаш годишно.

6.5.3 Емисиите на бучавата нема да ја надминат границата од 70 db (преку ден) и 60 db (преку ноќ) надвор од локацијата на инсталацијата согласно пропишаната граница на дозволена бучавост од Одлуката за утврдување во кои случаеви се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава ("Службен весник на Република Македонија" бр.1/09).

6.5.4 Инсталацијата се наоѓа во подрачје од четврт степен според Правилникот за локации на мерни места за бучава.

7. Пренос од пречистителна станица за отпадни води

8. Програма за подобрување

8.1.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 10, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

Табела 8.1.1: Програма за подобрување

Ознака	Мерка	Датум на завршување
1.	Редовно се врши сервис на возниот парк и на опремата со цел намалување на нивното влијание во животната средина, како и по здравјето на вработените	континуирани/секоја година
2.	Еднаш во текот на 12 месеци ќе се вршат разни вежби за поставување во вонредни ситуации, како законско барање и според барањата на стандардите	континуирани/секоја година
3.	Разни обуки за животната средина, селекција на отпад, следење на законските измени во делот на животната средина	континуирани/секоја година
4.	Мастата и мастите кои се користат за одржување на машините и постројката се собираат во буриња и се предаваат за областен собирач на опасен отпад, за кој постои и договор за превземање	континуирано
5.	Побрување за селекција на отпадот, поставување на канти за селекција на повеќе видови отпад, нивно означување со соодветни шифри на отпад, потпишување на договори со овластени превземачи/ поставувачи сосоодветниот отпад, водење на евиденција на создадени и предадени количини на отпад. Комнуналниот цврст отпад од вработените и технолошкиот отпад ќе се собира, транспортира и депонира од страна на јавното комулнално претпријатие.	континуирани/секоја година
6.	Вршење на мерење и мониторинг на аспектите во ж. средина, испуштање во воздух и бучава	еднаш годишно
7.	Засадување на зеленило за намалување на негативните влијанија врз почвата и воздухот	континуирани/секоја година
8.	Покривање на боксовите за намалување на нивото на фугитивна емисија	12.2027
9.	Редовен сервис и одржување на ПП апарати	двапати годишно
10.	Редовно прскање на пристапните патишта и заловување на прашината кога ќе има работа по потреба	по потреба

8.1.2 Операторот ќе ја спроведува програмата за подобрување кој е составен дел на барањето онака како што е писмено договорено со Надлежниот орган

9. Договор за промени во пишана форма

9.1.1 Кога својството "или како што е друго договорено написмено" се користи во услов од дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

а. Операторот ќе му даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа дозвола: и

б. Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава дозволата.

9.1.2 Секоја промена предложена според условот 9.1.1. и договорена писмено со надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува за тоа, дозволата ќе мора да се дополнува.

9.1.3 Сите позначајни промени во инсталацијата или работите поврзани со неа, како што се материјална промена или зголемување на:

- Природата или количината на било која емисија,
- Системите за намалување/третман или преработка,
- Опсег на процесите што се изведуваат,
- Горивата, суровините, меѓупродуктите, продуктите или создадениот отпад,

или било какви промени на:

- Инфраструктурата,
- управување со локацијата или контрола на несакано еколошко влијание врз животната средина,

Ќе се изведуваат или ќе започнат со предходно известување за тоа и во договор со надлежниот орган.

10. Додаток 1

10.1. Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања), согласно условот 5.1.2

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа Дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисијата.

Ако некоја информација се смета за доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласно со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

Дел А

- Име на операторот.
- Број на дозвола.
- Локација на инсталацијата.
- Датум на доставување на податоци.
- Време, датум и локација на емисијата.
- Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува.
- Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
- Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
- Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

Дел Б

- Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А
- Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.
- Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на
  загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.
- Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

- Име Пошта.....
- Потпис Датум

- Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

11. Додаток 2

11.1 Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 1.1.2 од оваа Дозвола, се наведени подолу.

Табела Д2 : Извештаи за податоците од мониторинг

Параметар	Точка на емисија	Период за давање на извештаи	Датум на поднесување
Мониторинг на емисии во воздух	М1, М2, М3 и М4	Годишно	По извршени мерења
Мониторинг на ниво на бучава	М1, М2, М3 и М4	Годишно	По извршени мерња
Годишен извештај за животна средина		Годишно	До 31 март секоја година
Евиденција на инцидентот	На место на инцидентот	Во рок од 5 дена по инцидентот	